РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ ДОО Скопје**

**Адреса:**

Бр. 03-5

Скопје 09.04.2021г.

**Предмет: Одговор на претставка**

Почитувани,

Во врска со Вашата претставка (наш бр.03-5 од 31.03.2021 година), Ве известуваме за следното:

Во регистарот на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи што го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема евидентирано оператор со назив „Live IPTV Channels". Поради ова се отвара сомнеж дека овој субјект бесправно нуди услуги во кои се инкорпорирани авторски и сродни права што претставува кривично дело, па поради тоа Агенцијата ја препрати Вашата претставка до Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал и до Координативното тело за интелектуална сопственост. За истото известена е и Агенцијата за електронски комуникации.

Дополнително, Ве информираме дека за останатите три претставки доставени од Ваша страна на 31.03.2021, а кои се однесуваат на Ultrakom-IPTV (наш бр.03-8), Premium IPTV Makedonija (наш бр.03-7) како и I4 Stream Macedonia (наш бр.03-6), Агенцијата веќе има постапено на 05.01.2021, за што писмено Ве известивме. По добиени дополнителни сознанија во врска со овие предмети, ќе Ве информираме за сите преземени дејствија.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје